Република Северна Македонија
Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје
ФАКУЛТЕТ ЗА МУЗИЧКА УМЕТНОСТ
Бр. 02-164/1
03.03.2020 година
СКОПЈЕ

**Република Северна Македонија**
**Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје**
**Факултет за музичка уметност – Скопје**

Питу Гули бр. 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
http://fmu.ukim.edu.mk/
тел. +389 (0)2 3134 345 email: fmu@fmu.ukim.edu.mk

Врз основа на член 37 став (6) од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија" број 82/2018), член 65 од Статутот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје (Универзитетски гласник бр. 425/2019) и член 38 од Статутот на Факултетот за музичка уметност – Скопје во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје (Универзитетски гласник бр. 448/2019), Деканот на Факултетот за музичка уметност – Скопје, ја донесе следната

# О Д Л У К А
## за распишување на избор на 1 (еден) претставник од четврта година за член на Факултетското студентско собрание на Факултетот за музичка уметност – Скопје

**Член 1**

Се распишува избор на 1 (еден) претставник од четврта година за член на Факултетското студентско собрание на Факултетот за музичка уметност – Скопје (во натамошниот текст: ФСС на ФМУ).

**Член 2**

Изборот на 1 (еден) претставник од четврта година за член на ФСС на ФМУ ќе се одржи со тајно гласање на ден 9.2.2020 година (понеделник), во Големата сала на Факултетот за музичка уметност – Скопје, во период од 13-15 часот.

**Член 3**

Се именува изборна комисија за спроведување на избор на 1 (еден) претставник од четврта година за член на ФСС на ФМУ, во следниот состав:

1. доц. м-р Сара Пројковска Николовска, наставник,
2. доц. м-р Кристијан Каровски, наставник.

Три претставници од редот на студентите именува ФСС на ФМУ.

**Член 4**

Изборната комисија од член 3 на оваа одлука:

- ја спроведува изборната постапка;
- донесува одлука со која констатира дека предложените кандидати ги исполнуваат, односно не ги исполнуваат условите да бидат предложени за избор на 1 (еден) претставник од четврта година за член на ФСС на ФМУ. Во одлуката се наведува личното име и презиме на кандидатот, дали е запишан во семестарот, односно во годината кога се вршат изборите, студиската година и сл. Одлуката од комисијата е конечна;
- ги утврдува резултатите од гласањето;
- составува записник за резултатите од гласањето на факултетот и за крајниот резултат;
- врши други работи со цел спроведување на изборите.

Изборната комисија донесува Упатство за спроведување на избор на 1 (еден) претставник од четврта година за член на ФСС на ФМУ (во натамошниот текст: Упатството).

Упатството се објавува на веб-страницата на Факултетот за музичка уметност – Скопје.

**Член 5**

Се задолжува изборната комисија од член 3 на оваа Одлука изборот на 1 (еден) претставник од четврта година за член на ФСС на ФМУ да го реализира во согласност со Законот за високото образование, Статутот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Статутот на Факултетот за музичка уметност – Скопје во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје и Статутот на ФСС на ФМУ.

**Член 6**

Кандидатите за избор на 1 (еден) претставник од четврта година за член на ФСС на ФМУ се утврдуваат на собир на студентите од четврта година, на кој се предлагаат кандидати за избор на 1 (еден) претставник од четврта година за член на ФСС на ФМУ.

Собирот на студенти од четврта година ќе се одржи на ден 5 март 2020 година, со почеток во 11:30 часот, во Големата сала на Факултетот.

**Член 7**

Врз основа на спроведениот собир на студентите од четврта година, Изборната комисија ја донесува одлуката од член 4 став (1) алинеја 2 на оваа одлука најдоцна до 5 март 2020 година (четврток).

**Член 8**

Право да избираат и да бидат избрани за претставник од четврта година на факултетското студентско собрание имаат сите студенти од четврта година на факултетот, кои се запишани на студии во учебната 2019/2020 година.

За избран 1 (еден) претставник од четврта година за член на ФСС на ФМУ се смета кандидатот кој добил најмногу гласови од студентите кои гласале.

**Член 9**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а задолжително да се објави на веб- страницата на факултетот.

Декан,
проф. м-р Живко Фирфов